Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 04-3510/ 15
Дата: 29.07 .2025 г
Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6.6.
1430 Кавадарци,
Република С.еверна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 45, став (1) и став (2) од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.", број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М " број 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на Р. М.„ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл. весник на Р. С. М." број 143/2019, 14/2020 и 208/2024),

Секретарот на Општина Кавадарци, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по јавен оглас**
**за вработување на административен службеник**

I. Во врска со јавен оглас бр.575/2025 за вработување на административен службеник во Општина Кавадарци, објавен на 24.06.2025 година на веб страницата на Агенцијата за администравија како и во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер", и "Коха", за работното место со шифра УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник - портпарол, со звање Помлад соработник, во Одделение за работи на Градоначалникот и односи со јавноста, Сектор за правно- нормативни и општи работи ........... (1) извршител, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот со идентификациски код 388BDDA **ИВОНА ЧАЧКОВА.**

II. Одлуката за избор се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во член 38 од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.", број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М " број 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), предвидена е постапка за вработување на административни службеници врз основа на објавен јавен оглас.

Врз основа на објавениот јавен оглас бр.575/2025 за вработување на административен службеник во Општина Кавадарци, објавен на веб страницата на Агенцијата за администравија како и во дневните весници "Нова Македонија", "Вечер", и "Коха", за работно место Помлад соработник -портпарол, со звање Помлад соработник, во Одделение за работи на Градоначалникот и односи со јавноста, Сектор за правно-нормативни и општи работи ........... (1) извршител, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со решение бр.10-1477/3 од 03.07.2025 година ја спроведе постапката за вработување на административни службеници која се состои од фаза на административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојност на докази и интервју.

Согласно, записникот од административна селекција бр.10-1477/4

[redacted]

од 11.07.2025 година, записникот од спроведен испит бр.10-1477/6 од 25.07.2025 година, записникот од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-1477/7 од 28.07.2025 година, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас до Општина Кавадарци достави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување по јавен оглас бр.575/2025, како и предлог бр 10-1477/8 од 28.07.2025 година на кандидати за вработување со најголем број освоени бодови.

Согласно член 45, став (1) од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М “ број 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Секретарот на Општина Кавадарци, по добивањето на ранг листата на кандидатите и предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.575/2025, одлучи како во диспозитивот на одлуката, каде за работното место УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник -портпарол, со звање Помлад соработник, во Одделение за работи на Градоначалникот и односи со јавноста, Сектор за правно- нормативни и општи работи .......... (1) извршител, се избира кандидатот Ивона Чачкова.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Арх.Бр. 04-3510/
Дата:__________.2025 г
Кавадарци

Република Северна
Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна
Македонија Тел. 043/
416-130 Факс 043/416-
130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Изработил:Флорина Делова
Контролирал:Надица Алексова
Одобрил: Јасминка Ѓорѓиева Тодоров

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**СЕКРЕТАР**
**Тодор Ефремов**